SYMPOSION

**П О К А Н А**
**за учество во работилница на тема:**

**УКАЖУВАЧИТЕ ВО ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС:**
**законска рамка и предизвици**

**(18 септември, „Хотел Романтик“ – Велес)**

Укажување, или т.н. *whistle-blowing*, е постапка извршена од лице уверено дека **јавниот интерес** го надминува интересот на институцијата, организацијата или правното лице со која е или било во деловен однос, со која алармира, односно пријавува дека во организацијата се извршува казнива, неетичка, незаконита или друга недозволива активност.

Пријавувањето дејства со кои се загрозува јавниот интерес, вклучувајќи и коруптивни дејствија, дава непроценлив придонес кон градењето **одговорен јавен и приватен сектор** и, следствено, кон создавањето **отчетно и одговорно општество**. Без т.н. „дување во свирче“, многу од актуелните крупни афери уште долго или можеби никогаш немаше да бидат откриени. Овие лица, ставајќи го јавниот интерес на прво место, всушност, извршуваат исклучително позитивно општествено делување, но тие понекогаш може да се соочат со низа непријатности на своето работно место и надвор од него. Честопати, во зависност од тежината на информацијата што ја пријавуваат или откриваат, и последиците што ова ќе ги предизвика, укажувачите ги нарекуваат херои, дисиденти, предавници или патриоти, во зависност од позицијата на вклучената страна што ја дава ваквата квалификација. Сепак, нема никаква дилема дека укажувачите се исклучителни личности и доколку постапат по сопствена волја, со добра намера и врз основа на разумно уверување во времето на пријавувањето дека информациите се вистинити, тие заслужуваат најголема почит во јавноста и општеството.

Заради тоа, на почетокот од 2018 година и Европската комисија предложи да се зајакнат мерките и да се воведат нови стандарди за ефикасна заштита на укажувачите. Овие мерки за заштита особено се однесуваат на лицата што укажуваат на злоупотреби и нелегални активности во јавните набавки, финансиските услуги, безбедноста на храната, заштитата на животната средина, приватноста и заштитата на личните податоци, но и во сите други области во кои се загрозува општиот интерес и безбедноста на граѓаните. Истовремено, со јакнење на механизмите за заштита на укажувачите, неопходно е да се зајакнуваат и **правилата и заштитата од евентуални злонамерни и неточни укажувања**. За натамошно промовирање и меѓународна поддршка на укажувањето, востановена е и престижна меѓународна инаугурациона награда за „Новинари, укажувачи и бранители на правото за пристап до информации“, која се одржа во Европскиот парламент во Стразбург.

Со цел да се овозможи ефикасна заштита на укажувачите во Република Македонија, во ноември 2015 година е донесен **Законот за заштита на укажувачите**, кој стапи во сила во март 2016 година. Исто така, во март 2016 година, донесени се и **Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор**; **Правилник за заштитено надворешно пријавување** и **Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во**

**правното лице во приватниот сектор, со цел да се операционализира примената на Законот**.

Оваа работилница има за цел да го промовира и образложи значењето на укажувањето, начините на кои може да се изврши заштитено укажување, начинот на постапување со пријавите, како и заштитата што им се обезбедува на укажувачите.

На оваа работилница, преку презентации, практични примери и дискусија, ќе бидат опфатени следните теми и прашања:

- Што е тоа укажување?
- Кој може да биде укажувач?
- Постои ли разлика меѓу лице што обелоденува информации за одредена неправилност или незаконитост и укажувач?
- Кои се механизмите за заштитено пријавување во институциите и во правните лица од приватниот сектор согласно Правилниците за заштитено пријавување?
- Каква е постапката на лицата овластени за прием на пријави доставени заради заштитено пријавување?
- Кога се врши заштитено надворешно пријавување и/или јавно пријавување?
- Како е обезбедена заштитата на укажувачите?
- Кои се предизвиците во примената на законот?

Работилницата ќе овозможи на лицата кои се овластени за прием на пријави доставени заради заштитено пријавување да се здобијат со дополнителни сознанија доколку им се обрати лице што пријавува (укажувач). Истовремено темите ќе бидат од особена корист и за вработените во јавниот или приватниот сектор, со цел да им помогне во дилемите и размислувањата за тоа како може да пријават односно откријат разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, и како согласно законот се обезбедува заштитата.

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **5.450 денари + 18% ДДВ** да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна работилница. Котизацијата вклучува кафе-пауза, ручек (со вклучено предјадење, главно јадење со и десерт), сертификат за учество, работен материјал од обуката, како и континуирана директна комуникација со предавачите.

За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.** Сите учесници ќе добијат сертификати како потврда за учеството во работилницата.

Заради квалитетот на обуката, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните пријавниот лист што Ви го испраќаме во прилог (истиот го има и на нашата веб страна: http://simpozion.mk/), најдоцна **до 14 септември 2018 г**. и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

*Подолу се наведени информациите за уплата на котизацијата за обуката.

SYMPOSION

**Информации за уплата на котизација за обуката**:

Примач: СИМПОЗИОН ДОО – Скопје
Адреса:  ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
**Контакт тел. бр:** 078 271 576